ЕДНА КНИГА, ЦЕЛ СВЕТ

ФЕСТИВАЛ НА КНИГАТА – ЦЕЛА ВСЕЛЕНА

7–12 СЕПТЕМВРИ
СЦ „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“

ПОПУСТ
ДО 70%

ТРИ

ФЕСТИВАЛ НА КНИГАТА 2022

ЕДНА КНИГА, ЦЕЛ СВЕТ

Книгите се како вселената. Инспиративни, неисцрпни, блескави.
Со секое ново читање, нов свет излегува на виделина.
Тие никогаш докрај не го кажуваат она што имаат да го кажат.
Секогаш оставаат дел што треба сам да го откриеш.

Открај нови светови и галаксии на овој Фестивал на книгата!
Од 7 до 12 септември, на отворено пред СЦ „Борис Трајковски",
те очекуваме со многу книги, и оние кои се нови и оние кои долго време
чекаат на твојот читачки список. За да си овозможиш што е можно
повеќе од нив, искористи ги скалестиот попуст и сниженте цени,
што ќе важат и во сите наши книжарници за време на Фестивалот.
А ако не можеш да нè посетиш, ќе ти пренесеме делче од атмосферата
и ќе ги очекуваме твоите нарачки онлајн на kniga.mk.

Земи го својот телескоп и набљудувај.
На крајот одлучи во кои светови ќе патуваш!
Ние те чекаме со квалитетни книги, разновидна забава и
секако, со многу љубов.

ТРИ

KNIGA.MK
секој има книжарница дома

ОТКРИЈ ЈА...

ВОЗБУДАТА ПРИ ПРВОТО ЧИТАЊЕ

~~650~~
580,-



ХАРУКИ МУРАКАМИ

ХРОНИКА НА ПТИЦАТА НАВИВАЛКА

Во ритамот на потрагата по значајните нешта и криковите на птицата навивалка

Триесетгодишниот Тору Окада го напушта работното место за да размисли што сака да прави во животот. Сопругата Кумико, со која скромно живеат во еден мирен кварт, го поддржува во тоа. Но одеднаш се случува пресврт. Откако ќе им исчезне мачорот, потрагата на Тору Окада ќе мора да се прошири. Зашто ненадејно и без збогум, заминува и Кумико. А во неговиот живот влегуваат необичната девојка од соседството и чудните сестри Кано, кои му помагаат во потрагата. Но наместо да се решат, работите уште повеќе се заплеткуваат. Дали птицата навивалка така ја навива пружината на светот?

~~550~~
480,-

ГАБОР МАТЕ

КОГА ТЕЛОТО ВЕЛИ НЕ

Кога телото ни зборува, треба да го слушаме

Врз основа на научните истражувања и своето повеќедецениско искуство, д-р Мате дава одговори на многу важни прашања за ефектот на телоумот врз здравјето и улогата што стресот и индивидуалниот емоционален систем ја имаат во многу болести. Книга откровение за трансформативни сознанија за тоа дека болеста е начин на кој телото му кажува „не“ на она што умот не може или не сака да го признае.

~~500~~
420,-

САЛИ РУНИ

ПРЕКРАСЕН СВЕТУ, КАДЕ СИ

По еден прекрасен свет во секоја прекрасна душа

Сали Руни е името што многу често го сретнуваме на светските топ-листи. Оваа нејзина приказна е за Алис и Феликс, Ејлин и Симон, млади луѓе кои животот ги подготвува за тешкотиите што следуваат. И додека на сите им става по една торба грижи на грбот, секому со различна тежина, не заборава да им стави и од магијата на животот. И секако, мапа до прекрасниот свет што допрва го откриваат!

~~320~~
260,-

СОСУКЕ НАЦУКАВА

МАЧОРОТ ШТО ГИ СПАСИ КНИГИТЕ

Која е вистинската моќ на книгите?

Повлеченото момче Ринтаро ќе го открие тоа сосем неочекувано, соочено со загубата на нештата што му значеле најмногу во животот. Откако дедо му ќе почине, тој се чувствува изгубено сè додека не го сретне Тигар Пругавиот, мачорот кој умее да зборува и кој бара помош од Ринтаро за спасување на книгите. Оваа мисија ги носи на необично патување на кое запознаваат чуди луѓе и добиваат најразлични задачи.

К. Ц. ТЈУДОР

ДЕВОЈКИТЕ ШТО ГОРАТ

Добре дојдовте во опседнатото село

Еден необичен свештеник се сели во мало англиско место за кое наскоро открива дека е опседнато – и во минатото и во сегашноста се случуваат многу загадочни исчезнувања и умирања. А мрачните тајни не се чуваат случајно. Вистината секогаш тешко излегува на виделина, особено кога секој има нешто и некого да заштити и кога не постои ни најмал знак за доверба. Имајте на ум дека најсомнителен е токму оној кој се плаши да се довери.

~~500~~
420,-

КЛЕР МЕКИНТОШ

ЗАЛОЖНИЦИ

Ќе спасите иљадници непознати животи или еден, на човекот кој ви значи најмногу?

Која е вистинската одлука? Одговорот го носи Клер Мекинтош во клаустрофобичниот трилер сместен меѓу тесниот простор во еден авион. Има уште 12 часа до слетувањето. Многу работи може да се случат за 12 часа, а и за четири, додека без здив ја читате оваа мистерија.

~~690~~
580,-

БЕСЕЛ ВАН ДЕР КОЛК

ТЕЛОТО ПАМЕТИ

Излекувајте се од стресот и почувствувајте ја внатрешната промена

Траумата може да го претвори целиот свет во собир на вонземјани, вели истакнатиот светски експерт Бесел ван дер Колк. Истражувајќи иновативни начини за нејзино лекување, тој ни покажува како траумата ги преобликува телото и мозокот намалувајќи ни ја способноста за самоконтрола, доверба и исполнет живот. Со помош на неговите техники можете да го сфатите и да го надминете трауматскиот стрес и конечно да ѝ се препуштите на среќата.

~~360~~
299,-

КРИСТЕН ХЕЛМСТЕТЕР

КАФЕ-МУАБЕТ СО СЕБЕСИ

Бидете си свој советник по 5 минути на ден и остварете ги соништата

Кафе-муабетот со себеси ја вивна Хелмстетер до успехот што отсекогаш го посакувала. А сега ви го открива и вам. Секој од нас наутро го пие својот филџан кафе или чај. Ако од тие мигови направите ритуал и го обедините со саморазговор и позитивни афирмации, за многу краток период ќе сфатите дека со сопствените мисли сте способни да направите ремек-дело од својот живот.

~~420~~
350,-

ИЧИРО КИШИМИ И ФУМИТАКЕ КОГА

ХРАБРОСТА ДА СЕ БИДЕ СВОЈ

Прашањето не е во тоа каков е светот, туку во тоа каков си ти

Милиони луѓе веќе ја прочитаа и ги почувствуваа придобивките од мудроста сместена меѓу кориците на оваа книга. Таа им покажа како да ги ослободат својата неспознаена моќ и храброста да се биде својата најдобра и најискрена верзија. Користејќи ги теориите и техниките на Алфред Адлер, еден од најбрилијантните умови на психологијата, и вие ќе успеете да го искористите овој јапонски феномен во своја полза.

КАРСТЕН ХЕН

ЧОВЕКОТ КОЈ ШЕТА КНИГИ

Топла приказна за нераскинливата врска меѓу книгите и луѓето

Замислете дека постои човек кој разнесува книги низ градот. Замислете колку приказни износил во својот ранец. Колку животи променил. Тој постои. Во прекрасната емотивна приказна на Карстен Хен, која почнувајќи од ова лето ќе ни ги гали читачките души. Овој магичен роман е идеален подарок за сите книгољупци, совршена книга за секој библиофил.

ЈАНА КАПРИ И ЧАРАН ДИЈАЗ

ОСТАНИ СПОКОЕН СО СЕНЕКА

Среќно психолошко-филозофско патување до среќата

Не грижете се, сите понекогаш се чувствуваме разочарано и немотивирано, но само малкумина успеваат мудро да се справат со тоа. Одговорите на животните прашања што ве мачат ги знае еден од најголемите филозофи на светот, Сенека. Што ако некој ги приспособи неговите мисли на сегашниот живот и ви овозможи да го најдете внатрешниот мир? Јана Капри и Чаран Дијаз го сторија токму тоа во оваа книга.

ЈАНА КАПРИ И ЧАРАН ДИЈАЗ

ОСТАНИ ПОЗИТИВЕН СО МАРКО АУРЕЛИЈ

Живејте со внатрешен мир на еден стоик

Кога работите течат совршено, оваа книга ќе ви помогне да го задржите духовниот мир. Но кога ќе тргнат наопаку – во семејството, љубовта, социјалните односи, работата – овие пораки ќе ви помогнат да им пристапите од поинаква перспектива и да ја издигнете својата свест. Само со таква свест ќе можете да се самосознаете и да стекнете храброст за надминување на проблемите и страдањето.

ОТКРИЈ ГО...

УЖИВАЊЕТО

ВО РОМАНИТЕ

~~500~~
420,-

ТЕСА БЕЈЛИ

СЕ СЛУЧИ ЕДНО ЛЕТО

Романса на летото

Кој не сака добра романтична комедија? Теса Бејли пишува приказна за една бунтовна, влијателна девојка која постојано е следена од папараци. Но кога ситуацијата ќе излезе од контрола, нејзиниот очув ја праќа далеку од очите на јавноста, во едно зафрлено место во кое не може да најде никаква разонода. И токму таму ќе го запознае незаборавниот рибар... Е па, оваа романса ни се случува токму ова лето!

Али Хејзелвуд

ЉУБОВНА ХИПОТЕЗА

Еден мал експеримент може да се претвори во катастрофа, или во светско откритие

Олив Смит, докторантка на еден од најдобрите оддели за биологија, се сомнева во длабочината на денешните романтични врски. Но на својата најдобра другарка мора да ѝ докаже дека е среќно вљубена во некого. Тој некој, ни помалку ни повеќе, е Адам Карлсен, професорот познат како супер ѕвезда на катедрата, кој ѝ станува лажно момче. Одеднаш малиот експеримент станува лесно запалива материја што ги фрла во вода сите прецизно пресметани теории за љубовта.



Иви Данмор

ПОКОРУВАЈЌИ ГО ВОЈВОДАТА

Таа ја ризикува својата иднина за него, а тој го губи своето место во историјата заради неа

Англија, 1879 година. Анабел Арчер се изборува за место на Оксфорд. За да возврати за добиената стипендија, мора да го поддржи движењето за глас на жените. Нејзина должност: да ги придобие мажите да се залагаат за женските права. Нејзина цел: Себастијан Деверо, војводата од Монтгомери. Нејзин предизвик: да не попушти пред моќната привлечност на војводата, која е невозможно да се игнорира.

Миранда Каули Хелер

ХАРТИЕНАТА ПАЛАТА

Растргнатоста меѓу желбата и сигурноста

Хартиената палата е викендичка што педесетгодишната Ел и нејзиното среќно семејство ја посетуваат секое лето. Освен што е извор на убави семејни спомени, ова место е и чувар на тајната на Ел и страсната ноќ што ја минува со стариот пријател од детството. Ел е пред судбоносна одлука. Но за да ја откриете, прво треба да минете низ емотивна бура и да стигнете до поуките.

Барбара О'Нил

КОГА ВЕРУВАВМЕ ВО СИРЕНИ

Разбрануван океан од емоции

Барбара О'Нил не се плаши да ги разоткрие и најдлабоките чувства во своите трогателни романи. Потресни и длабоко инспиративни приказни за луѓе кои треба да се обединат. Таа секогаш проникнува до тајните што долго време биле закопани, помагајќи им да испливаат на брегот, каде што ги чека нова бура – од емоции, од тага по загубата и гнев кон неправдата.

Барбара О'Нил

УМЕТНОСТА НА НАСЛЕДУВАЊЕ ТАЈНИ

Луѓето го гледаат само тоа што сакаат да го видат

Оливија Шо, уредничка на едно од најугледните списанија за храна во Америка, одеднаш дознава дека наследила стар англиски имот и титула. Соочена со смртта на својата сакана мајка, 38-годишната Оливија одеднаш станува графица обременета од товарот на своите предци, но и на многу мрачни тајни скриени во напуштениот замок.

Мадлин Милер

АХИЛОВАТА ПЕСНА

Потресна верзија на Тројанската војна, болна приказна за приврзаноста и љубовта

Осамениот принц Патрокле е прогонет на дворот на кралот Пелеј и неговиот син Ахил. Така им се вкрстуваат патиштата и меѓу нив се раѓа нераскинливо пријателство. Но сплетот на околностите ги носи во војна, чии ужаси ќе ја стават на тест нивната љубов. Грција во старо време на богови и јунаци. Сега сте во ново време пред извонредна книга која веќе го освои светот.

~~500~~ 399,-

Елена Феранте

ПРИКАЗНА ЗА ИЗГУБЕНОТО ДЕВОЈЧЕ

Неверојатно финале на силната пријателска врска

Двете жени се бореа да избегаат од маалото во кое порасна. Елена се омажи и се пресели, објави неколку книги, но се врати во Неапол за да биде со мажот што го сака. Од друга страна, Лила никогаш не успеа да се ослободи од своето минато. Иако сиот живот се обидуваше да го избегне, сега станува незапирлив водач во тоа окружување и успешен претприемач. Сè до кобниот ден...

~~600~~ 480,-

~~600~~ 450,-

~~600~~ 450,-

Казуо Ишигуро

КЛАРА И СОНЦЕТО

Што значи да се сака?

Клара е еден од човеколиките роботи што родителите им ги купуваат на децата за да им овозможат друштво и поддршка. Во мигот кога четиринаесетгодишната Џози ќе ја избере за своја пријателка, односот меѓу роботот и човекот добива друга димензија, а оваа книга станува преиспитување на емоциите.

Казуо Ишигуро

НИКОГАШ НЕ ОСТАВАЈ МЕ

Потресна приказна со дистописки призвук

Хејлшам е навидум мирно интернатско училиште незасегнато од надворешни влијанија. Но она што ги очекува надвор оттаму е пострашно одошто им се чини – морничавата тајна дека учениците се клонови создадени да обезбедуваат витални органи за човечката популација. Ќе успеат ли да се приспособат на напредниот, но сè уште суров свет?

Итаф Рам

ЖЕНАТА НЕ Е МАЖ

Приказна за непокорниот дух на жените

Раскажувајќи за традицијата и честа, оваа книга е интимен поглед во строгиот и затворен свет на арапската жена, за замолчувањето и срамот среде општоприфатената покорност. Палестина, 1990 и Бруклин, 2008 година. Две приказни за две жени, еднакво замолчувани, но и еднакво амбициозни и храбри да се изборат за себе.

ХАРУКИ
МУРАКАМИ

Со секоја прочитана книга од еден од најпознатите светски современи автори, неговата книжевна магија уште долго останува во воздухот.

~~280~~ 230,-

~~320~~ 240,-

~~650~~ 499,-

~~500~~ 380,-

~~500~~ 380,-

~~380~~ 299,-

~~500~~ 390,-

~~500~~ 390,-

ЕЛИФ
ШАФАК

НАЈМОЌНИОТ ЖЕНСКИ ГЛАС НА СВЕТСКАТА КНИЖЕВНА СЦЕНА

За големината и важноста на најголемата современа турска авторка, најдобро зборуваат нејзините дела!



~~450~~ 340,-



~~380~~ 290,-

~~500~~ 399,-

~~450~~ 340,-

~~450~~ 340,-

~~500~~ 380,-



Тошиказу Кавагучи

ПРЕД ДА СЕ ИЗЛАДИ КАФЕТО

Кога би можеле да се вратите во времето, кого би сакале да сретнете?

Според локалната легенда, во Токио постои кафуле кое нуди и нешто друго освен вкусно кафе – можност за патување во времето. Секако, тоа не е толку лесно. Постојат правила што мора да се почитуваат, а најважното од нив гласи: можеш да престојуваш во минатото или иднината сè додека не се излади кафето. Отпатувајте во овој прекрасен роман кој ќе ви отвори нови животни видици!

Клер Пули

ПРОЕКТОТ АВТЕНТИЧНОСТ

Што би се случило кога сите би ја говореле вистината?

Една обична, бледозелена тетратка ги поврзува животите на неколку ликови откривајќи им вредна животна лекција. Споделувањето на сопствената приказна во неа драстично им ги менува животите. Еден по еден, тие ја пишуваат својата вистина, а потоа ја пренесуваат тетратката понатаму. Тоа им носи ослободување, им ги открива скриените потенцијали и безбројните можности што ги нуди животот.



Рафаела Жордано

ПРОДАВНИЦА ЗА ЖИВОТНИ ПРОМЕНИ

Роман што ќе ви ја разбуди желбата да ги проширите своите видици

Популарната писателка Рафаела Жордано повторно нè освојува блеснувајќи со нов извонреден роман. Во својот роден град Базил отвора необична бихевиористичка продавница за чудни предмети што ја будат фантазијата и креативноста и го поттикнуваат умот да се отвори кон еден посмел начин на размислување. Продавницата „Точкеста зебра“ ќе ги спои животите на три нетипични личности со слободни души.

~~420~~
360,-

Федерика Боско

МИ ВЕЛЕА ДЕКА СУМ ПРЕЧУВСТВИТЕЛНА

Како да се биде пречувствителен, но и среќен?

Пречувствителноста не е слабост! Таа може да биде твојата тајна моќ. Федерика Боско сиот живот се соочувала со сопствената пречувствителност. Со објавувањето на својот интимен дневник, на сите кои размислуваат многу и се грижат премногу им нуди стратегија како да се ослободат од лошите луѓе и ситуации и целосно да му се радуваат на животот.

Рафаела Жордано

ТВОЈОТ ВТОР ЖИВОТ ЗАПОЧНУВА КОГА ЌЕ СФАТИШ ДЕКА ИМАШ САМО ЕДЕН

Повторно вљубете се во животот

Со теоријата на мали чекори, Рафаела Жордано ќе ве поведе по патот на самопрочистувањето и самооткривањето. Книга која ќе ве поттикне и охрабри и ќе ве научи како секој ден одново да се вљубувате во животот.

~~320~~
250,-

СПЕЦИЈАЛНА ЦЕНА

~~450~~
299,-

Виржини Грималди

ВРЕМЕ Е ПОВТОРНО ДА ГИ ЗАПАЛИМЕ ѕВЕЗДИТЕ

Од брза одлука до животна лекција

Има ѕвезди и на друго место освен на небото! Тие често се во форма на нашите најблиски. Што нè учи оваа книга? Како може да живееме во хармонија со блиските и преку нивната љубов да се запознаеме и сакаме себеси. Дотаму може да те однесе една луда одлука да заминеш на патување во Скандинавија!



500
399,-

Дилија Овенс

ДЕВОЈКАТА ОД МОЧУРИШТЕТО

Ода за убавината и моќта на природата

Босоногата Каја Кларк останува да живее сама во куќичката крај мочуриштето, дружејќи се со галебите во близина на Баркли Коув, тивко гратче на брегот на Северна Каролина. Додека ги поминува деновите истражувајќи го мочуриштето знае дека си е доволна самата себеси... Сè до едно октомвриско утро, кога полиција ќе го пронајде безживотното тело на Чејс Ендруз, а мештаните веднаш ќе се посомневаат во загадочната Каја.

СПЕЦИЈАЛНА ЦЕНА

600
399,-

Мин Чин Ли

ПАЧИНКО

Ремек-дело за припадноста и интегритетот, за надежта да се преживее и да се напредува пред рамнодушната историја

Повеќеслојна и трагична приказна во времето на окупацијата на Кореја од Јапонија која нè носи до сиромашното семејство на еден рибар. Неговата ќерка се вљубува во еден богат странец, но кога ќе открие дека е бремена и дека нејзиниот љубен е оженет, одбива да биде откупена. Одлука која го означува почетокот на една драматична сага за многу генерации.



450
340,-

Кристи Лефтери

ПЧЕЛАРОТ ОД АЛЕПО

Моќна и потресна приказна за една мајка ослепена од трагедиите што ќе ги види и еден татко кој се бори за нивно преживување

Нури е пчелар, а неговата жена Афра е уметник. Живеат мирен живот полн со љубов во прекрасниот сириски град Алепо, додека не се случи незамисливото – започнува војна. Принудени да го напуштат животот што го познаваат, тргнуваат на опасно патување кон неизвесната иднина во Велика Британија.

Скалест попуст



5 книги – 10 %

7 книги – 15 %

10+ книги – 20 %

500
380,-

Брит Бенет

ПОЛОВИНАТА ШТО МИ НЕДОСТИГА

Емотивен роман кој преку најсуштествените теми за идентитетот и разликите допира до сечие срце

Близначките Стела и Дезире растат во малото гратче Малард. Во детството неразделни, откако ќе избегаат во големиот град нивните животи тргнуваат во поинакви насоки, со различни семејства, заедници и ставови за расната припадност. Стануваат два различни света. Но дури и одвоени со километри и со многу лаги, судбините на близначките остануваат испреплетени.

СПЕЦИЈАЛНА ЦЕНА



500
320,-

Сузан Редферн

ВО ЕДЕН МИГ

Сè може да се случи за еден миг

Потребен е само еден миг за да се случи најубавото нешто во животот, но и најстрашното – она од кое сите се плашат. Од смртта. Кога таа ќе пристигне до 16-годишната Фин Милер, таму не ѝ завршува животот. Додека е на преминот, безживотна и беспомошна да помогне, Фин ги следи најблиските кои се борат за сопственото преживување.

450
360,-

Ниша Долан

ВОЗБУДЛИВИ ВРЕМИЊА

Секогаш и во сите времиња – најпотребна е љубовта

Ниша Долан ни подарува билет до интимниот живот на Ејва, Иркинка која заминува во Хонгконг во потрага по среќа. Но среќата не е нешто што може да се најде, туку нешто што треба да се создаде. Љубовта е патот до неа. Со сите тешкотии што ги носи модерниот начин на сакање и живеење, треба да се пронајде вистинскиот пат што води до неа.

Марио Варгас Љоса

АВАНТУРИТЕ НА ЛОШОТО ДЕВОЈЧЕ

Таа секој миг може да исчезне не кажувајќи збогум

Во својот обичен живот во саканиот Париз, во свет на лаги и брзи промени, Рикардо не престанува да го очекува враќањето на своето лошо девојче. Ќе паднат ли на крај маските и ќе се открие ли вистинското лице на љубовта?

~~500~~ 399,-

~~199~~ 170,- ~~199~~ 170,- ~~199~~ 170,-

ЦИКЛУС КНИГИ „НЕВИДЛИВИОТ“ ОД ЕРИК-ЕМАНУЕЛ ШМИТ

Три мали, а содржајни книги кои ќе ве научат многу! За религијата, за емпатијата, за животот. Книги кои ќе ги прочитате во еден здив, но кои засекогаш ќе се вселат во вашето срце. Приказни кои ќе му вдахнат смисла на животот и со кои секој ден ќе го гледате светот со нови очи.

Кели Естиз

ДЕВОЈКАТА ШТО ПИШУВАШЕ НА СВИЛА

Некои историски приказни се вдомуваат во нас и стануваат дел од историјата на нашето постоење

Оваа брилијантна книга е потресна приказна за две жени поврзани со времето и судбината. Осветлувајќи го минатото со сета негова суровост и убавина, Кели Естиз создава еден од најнежните романи на светот. Фрлете се на читање, препрочитување, живеење на еден ваков роман!

~~450~~ 340,-

~~350~~ 280,-

Патрик Зискинд

ПАРФЕМ

Мириса на трилер класика

Фантастично четиво кое со децении читателите го вбројуваат во најдобрите книги што некогаш ги прочитале. Приказна која открива што се случува во умот на еден човек кој слепо ја следи својата безумна страст, која ги затапува сите други сетила. Авторот Патрик Зискинд, пак, е човекот кој докажува дека страста кон пишувањето може да создаде ремек-дело.

ОТКРИЈ ЈА...

УБАВИНАТА НА ДОБРОТО ЧУВСТВО

Лори Готлиб

МОЖЕБИ ТРЕБА ДА РАЗГОВАРАШ СО НЕКОГО

Секому му е потребно рамо за плачење

Еден ден Лори Готлиб е психотерапевт кој им помага на своите пациенти да ја дофатат среќата. Наредниот, и самата има потреба од помош. Како што ги разоткрива проблемите на своите пациенти, така Готлиб се толкува и себеси. Откривајќи се пред другите, таа преку овие мемоари ќе ве научи како да се запознаете себеси и да си понудите убав живот каков што заслужувате.

~~600~~
499,-

~~320~~
270,-

Мари Кондо

МАГИЈАТА НА РАСЧИСТУВАЊЕТО

Јапонската тајна на расчистувањето што ќе ви го смени животот

Јапонската експертка за расчитување Мари Кондо со своите инспиративни методи секојдневно им ги менува животите на луѓето. Зашто зборува за расчистување на едно поинакво ниво што ќе ви докаже дека средувањето на просторот има неизмерен ефект врз целиот ваш живот.

Штефани Штал

ДЕТЕТО ВО ТЕБЕ МОРА ДА СИ ГО НАЈДЕ СВОЈОТ ДОМ

Прирачник за себепронаоѓање

Штефани Штал низ психолошка призма ќе ѕирне во вашите најдлабоки спомени и ќе ви помогне да го пронајдете детето во себе. Вдомете ги своите најискрени емоции и почувствувајте ја промената со оваа книга, која е клуч за решавање на (речиси) сите проблеми.

~~450~~
350,-

ЛУЈЗА **ХЕЈ**

Исполнете се со оптимизмот на Лујза Хеј

Со Лујза Хеј и нејзините инспиративни книги ќе се исполните со оптимизам, со верба дека можете да постигнете сè што ќе посакате. Уживајте во нејзините наративи и ќе се научите да уживате во чудното наречено: живот!

~~400~~ 299,-

~~280~~ 220,-

~~560~~ 380,-

Ако знаете како убаво да ја спакувате сегашноста, таа ќе ви биде вистински подарок. Франсеск Мираљес во своите книги ја впива јапонската тајна за долговечност, но и клучот со кој повторно може да се отвори вратата на моментот. Запознајте ја јапонската умешност во секој миг да наоѓаме убавина, но и секој миг да го направиме незаборавен, да уживаме во него и да го цениме како скапоцен и неповторлив.

ФРАНСЕСК **МИРАЉЕС**

~~320~~ 250,-

~~320~~ 240,-

~~320~~ 250,-

ОТКРИЈ ГО...

СКОКОТЛИВИОТ СТРАВ ВО ТРИЛЕРИТЕ

~~500~~
420,-

АЛИСА КОЛ

КОГА НИКОЈ НЕ ГЛЕДА

Што вели шестото сетило, ќе се открие ли загатката?

Алиса Кол е мајстор за испреплетување на неколку интересни приказни во една. Нејзината Синди Грин е родена и порасната во Бруклин, во маало кое одеднаш почнува да се менува, а соседите што ги познава цел живот прекуноќ исчезнуваат. Тогаш се појавува Тео, новиот сосед чија дружба носи виор од параноја и страв. Зошто? Откријте во овој роман!

ЈУ НЕСБЕ

Целата книжевна моќ на најпознатиот скандинавски писател на црниот роман е концентрирана во неговите мрачни приказни.



~~600~~ 450,-

КРАЛСТВОТО

Двајца браќа во незапирлива битка со сопствените демони и мрачното минато

Рој Опгард живее мирен и едноставен живот, сè додека не се врати неговиот помлад брат, Карл, и не ги разбуди мрачните настани од минатото. Во малото норвешко село расте напнатоста поради необјаснивите смртни случаи, а Рој е пред тешка одлука. Ќе успее ли да го заштити алчниот брат Карл и ќе остане ли лојален на семејството?

~~500~~ 360,-

~~500~~ 360,-

~~500~~ 360,-

~~500~~ 360,-

~~500~~ 380,-

~~500~~ 380,-

Стиг Ларсон

ДЕВОЈКАТА СО ТЕТОВАЖА НА ЗМЕЈ

Еден од најпопуларните психолошки трилери на сите времиња

Интернационална трилер сензација – Стиг Ларсон во својата трилогија комбинирајќи ги убиството, мистеријата, фамилијарната сага и љубовната приказна создаде интригантно, но и комплексно ремек-дело во жанрот психолошки трилер и свет во кој луѓето се она што фантазијата е за митологијата – свет полн со темнина и корупција.

~~500~~ 420,-

~~500~~ 380,-

Тана Френч

ТРАГАЧОТ

И најтивкото место крие свои мрачни тајни

По 25 години работа како полицаец во Чикаго, Кал сака да побегне од урбаната, напорна средина. Убеден дека природата и животот на село ќе му помогнат во бегството од динамичната реалност, тој заминува од градот. Сака да изгради нов живот во мало место во кое не се случува ништо особено. Но нема да успее во тоа – набрзо едно момче исчезнува од селото, а Кал не може да се смири додека не го расчисти случајот.

СПЕЦИЈАЛНА ЦЕНА

М. Т. Едвардсон

РЕЧИСИ НОРМАЛНО СЕМЕЈСТВО

Роман за компромисите што ги правиме со самите себеси за да одговориме на очекувањата на нашите сакани

Осумнаесетгодишната Стела Сандел е обвинета за свирепо убиство на еден повозрасен човек. Нејзините родители не сакаат да поверуваат дека таа го убила, иако сите докази упатуваат на тоа. Роман раскажан од перспектива на тројцата главни актери, возбудлива драма која ја става на тест издржливоста на едно семејство.



~~500~~ 299,-

СПЕЦИЈАЛНА ЦЕНА

Шари Лапена

НЕКОЈ ШТО ГО ЗНАЕМЕ

Во соседството во кое секој има своја тајна

Во едно тивко предградие во северниот дел на Њујорк, еден тинејџер се прикрадува во куќите – и во компјутерите на сопствениците – учејќи ги нивните тајни, а можеби и споделувајќи некои од нив.

К. Џ. Тјудор

ЧОВЕКОТ ОД КРЕДА

Трилер кој остава без сон

Во 1986 г., во едно селце, Еди и неговите другари безгрижно го минуваат летниот распуст, сè додека не дојде новиот наставник – висок и необично бел човек когошто го нарекуваат Човекот од креда. Еден ден, човече нацртано со креда ќе ги одведе кон едно распарчено човечко тело запретано под лисјата во шумата...

Карен М. Мекманус

ЕДЕН ОД НАС ЛАЖЕ

Сега и популарен серијал на Нетфликс

Мегапопуларни романи со неочекувани пресврти, лаги на кои не им се гледа крајот, страв од соочување со себеси и храброст да се признае вината. Прифатете го овој читачки предизвик, а ние ќе ви ја откриеме вистината!

ОТКРИЈ ЈА...

ГОРДОСТА ПРИ ЛИЧНОТО ДОСТИГНУВАЊЕ

Векс Кинг

ДОБРИ ВИБРАЦИИ, ДОБАР ЖИВОТ

Љубовта кон себе е баласирање меѓу прифаќањето на себеси онакви какви што сте, иако знаете дека заслужувате подобро, и работењето да го постигнете тоа

Надминувајќи ги животните препреки и пишувајќи за нив со мудроста од личното искуство, Векс Кинг стана извор на надеж за илјадници луѓе, а ќе ви помогне и вам. Ако го промените начинот на кој мислите, зборувате и дејствувате, ќе почнете да го менувате светот. Зашто зборовите можат да повредат, но можат и да излечат. Векс Кинг ги користи за да го разубави животот на многумина, па зошто да не го правите тоа и вие?



~~500~~ 420,-



~~500~~ 420,-

Даниел Х. Пинк

ПОРИВ

Луѓето имаат внатрешен порив да остварат побогат и посреќен живот

Пинк открива каде се разминуваат науката и бизнисот и како тоа влијае врз секој аспект на животот. Преку досетливи и изненадувачки техники, ни ги претставува трите елементи на вистинската мотивација – автономија, мајсторство и намера, и ни дава практични начини за нивна примена со цел да го смениме начинот на размислување, а со тоа и целиот живот. Луѓето постигнуваат најдобри резултати кога се мотивирани однатре, а не однадвор.

РОБИН **ШАРМА**

~~600~~ 499,-

#1 НАЈПРОДАВАНИОТ СВЕТСКИ АВТОР

Робин Шарма, експертот за насочување на мислите, денес е еден од најпродаваните автори на светот. Неговите 12 книги се продадени во над 20 милиони примероци и во над 96 земји. Гуру за секојдневниот живот, за успехот, за мудроста – наменет за најкреативните, најпродуктивните и најамбициозните. Почнувајќи од омилената инспиративна класика на светско ниво, „Калуѓерот што го продаде своето ферари“ па сè до последниот „Манифест на секојдневниот херој“ Шарма е доказ дека ние самите сме творци на својата судбина.

~~380~~ 250,- ~~500~~ 380,-



~~380~~ 280,-

~~380~~ 290,-

~~320~~ 250,-

~~320~~ 250,-

~~400~~ 290,-



~~380~~
299,-

Џозеф Марфи

ОСЛОБОДЕТЕ ЈА МОЌТА НА ПОТСВЕСТА СО ПОМОШ НА 52 НЕДЕЛНИ АФИРМАЦИИ

Невидливата моќ на потсвеста ќе ви помогне да ја остварите секоја цел

Во животот го добивате она во што верувате. Сите ние имаме неверојатен потенцијал да бидеме, да постигнеме и да добиеме сè што ќе посакаме, замислиме или во кое вистински веруваме. Но за жал, само малкумина целосно го остваруваат, а повеќето луѓе не успеваат да ја препознаат и искористат безграничната моќ на потсвеста.

100,-

Џејмс Ален

КАКВИ МУ СЕ МИСЛИТЕ НА ЧОВЕКА

Мудар џебен прирачник – што мислиш, тоа стануваш

Мала по обем но значајна според мудростите собрани во неа, оваа книга се труди да ни покаже дека ние самите ја поседуваме моќта да си го обликуваме животот. Зашто какви ни се мислите – таков ни е и животот. Што мислиш – тоа стануваш. Среќата и спокојот се секогаш присутни, само треба да ги ослободиш и да им дадеш можност на радосните мисли, добронамерноста и ведрината да загосподарат со тебе.

100,-

Орисон Свет Марден

ЖЕЛЕЗНА ВОЛЈА

Човек кој поседува некоја дарба, поткрепена со цврста волја, ќе оствари многу повеќе од човек со десет дарби без волја

Проникли́ва и мотивирачка книга од претходникот на Дејл Карнеги и Норман Винсент Пил. Објавена уште во 1901 година, а еднакво просветлувачка и денес, таа ни докажува дека можеме да оствариме успешен и исполнет живот ако ја цениме и практикуваме умствената дисциплина. Ако имате железна волја, не постои нешто што не можете да постигнете!

СПЕЦИЈАЛНИ ИЗДАНИЈА

Ведрана Стојановска

МОЈ ЛИЧЕН РАЗВОЈ

Уникатна планер-книга за личен развој

Ако сакате да се самозапознаете, да проучите како функционираат вашите мисли и емоции, тежнеете кон личен развој, потребни ви се насоки што неизбежно водат кон успех. Ако сакате да воведете позитивни навики, сакате да направите извонредно дело од својот живот, тогаш започнете со промената и обезбедете си го „Мој личен развој“ веднаш!

~~790~~
690,-



Александра Шаровиќ Атанасовска

ПЛАНУМ

Испланирај ја иднината на креативен начин

Секоја визија во себе содржи потенцијал да биде остварена ако е испланирана на совршен начин. Ова е воедно планер, агенда, коуч, дневник и мотиватор за секој кој има амбиција и идеја за личен или професионален развој. ПланУМ е вашиот сигурен пат до успехот!

~~600~~
499,-

ДЕЈЛ
КАРНЕГИ

Серијал за успехот базиран врз докажаните принципи поставени од Дејл Карнеги, лидерот кој ги менува животите на милиони луѓе.

Ако се стремите кон напредок во работата и кон поисполнет и посреќен живот, мудроста на овие книги ви е неопходна. Научете ги стратегиите на големите лидери што ќе ви помогнат да напредувате во својата професија и да ги постигнете целите во животот. Зачекорете по патот што ќе ве однесе до успехот!

~~320~~ 250,-

~~320~~ 250,-

~~320~~ 250,-

~~320~~ 250,-



~~400~~ 299,-

~~400~~ 290,-

Дејл Карнеги проникнува длабоко во човековата природа на начин на кој ќе ви помогне целосно да го искористите својот потенцијал во бизнисот и во личниот живот.

Малком Гладвел

НАДВОР ОД РАМКИТЕ

Интелектуално патување низ светот надвор од рамките

